Самата бројка на вклучени институции во активноста на АТМ на централно ниво, законските недоречености како и други прашања кои ги откривме и наговестивме со прелиминарните истражувања, сами по себе ја сместуваат оваа активност во високо ризична и подложна на неправилности посебно од аспект на воспоставени и функционални контролни механизми кај сите чинители и вредносните ефекти.

Целта на оваа ревизија е да се даде придонес кон откривање на слабостите, неправилностите, пропустите во процесите на административните таксени марки, подобрување на сегментот на контролните механизми на институциите во РМ надлежни за издавање, емисија, печатење, пуштање во промет, трговија со таксените марки, подобрување на системот на вклучување на вредноста на административните услуги во системот на приходи на начин кој ќе овозможи избегнување и/или намалување на потенцијалните ризици за фалсификат, измама или било кој друг начин кој е во функција на издавање на невалидни, неправилни, количински и вредносно непознати административни таксени марки. Од прелиминарните информации и откриени ризици, собраната и анализирана документација, возможно е да се поставaт повеќе суштински цели како предмет за ревизија на успешност од кои произлезе следната генерална цел:

> **"Дали постоечките механизми на системот во надлежните институции за емисија, печатење, пуштање во промет и трговија со таксени марки можат да бидат во функција на спречување на праксата за нивна злоупотреба имајќи ги предвид законитоста, организираноста, функционирањето на тие институции во пракса?"**

Со ревизија опфатени се повеќе ризици кои се определени кај следните области:

- Непрепознатливост на одредби од законските и подзаконските акти кои ја регулираат областа, контролни механизми и несакани ефекти;
- Планирање на приходи од административни такси и анализа на стварно наплатени приходи, влезни елементи за одредување на вредноста на административните такси;
- Активности на надлежните институции со цел спроведување на законски, подзаконски и договорни обврски, надзор и контрола над процесите на таксирање на јавни услуги и трговија со административни таксени марки.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да ги открие и даде оценка за ризиците, да постигне лоцирање и откривање на слабостите, причините и последиците од тековниот систем на АТМ, да направи истражувања и сондирања на стручни мислења и најдобри пракси од областа кои ќе придонесат во креирање на препораки за наоѓање на поефикасен и

економичен систем на наплата на АТМ кој пак ќе придонесе кон целосно прибирање на приходи од АТМ за буџетот и за сите органи на управа, ќе придонесе за намалување или забрзување на административните услуги од органите кон сите корисници на државно ниво, ќе придонесе кон избегнување и/или намалување на ризикот од злоупотреба на АТМ кој со тековниот систем е очигледен и други повеќекратни користи за заедницата. Остануваат отворени прашања кои ги имавме во текот на ревизијата, а за кои се искажани состојбите во поглавјата Основни податоци и Ревизорски наоди. Периодот за кој се врши ревизијата на успешност како и други прашања поврзани со вршење на ревизијата на успешност за посочената област се дефинирани за 2006 - 2009 година со одредени области и прашања кои го покриваат и периодот до септември 2010 година. Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2010 година и претставува активност преземена и спроведена согласно МАТРА проектот кој се реализира помеѓу Државниот завод за ревизија и Холандскиот Суд за ревизија. Овој проект предвидува и вршење на пилот ревизии на успешност.
Ревизијата на успешност е спроведена од страна на ревизорска екипа од ДЗР

Ревизијата е извршена во периодот:

- Прелиминарни истражувања – 04.01. – 31.03.2010 година;
- Вршење на ревизијата – од 06.04. до 12.07. и од 16 - 30.08..2010 година;
- Анализа на резултати и изработка на Нацрт извештај – 01. - 24.09.2010 година.

Ревизијата на успешност е вршена во функција на надлежните институции со цел објективно презентирање на состојбите кај активностите преземени од страна на сите релевантни институции за вршење на дејноста административни такси. Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија, а која претставува предмет на интерес на сите граѓани во РМ како корисници на услугите, законодавната и извршната власт како и органите на државна управа како дел од системот. Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________
*2.* ____________ ____________
*3.* ____________